**ЗАПИСНИК**
од 4-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
19 мај, 2026 г. Скопје

**Присутни**: Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Град Скопје), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Соња Стаменкова (Градоначалник на Општина Македонска Каменица), Блерим Сејдиу (Градоначалник на Општина Желино), Бобан Стефковски (Градоначалник на Општина Гази Баба), Јане Мицевски (Градоначалник на Општина Сопиште), Тони Коњановски (Градоначалник на Општина Битола), Дејан Митески (Градоначалник на општина Аеродром), Борче Митевски (Градоначалник на општина Петровец), Ѓорѓе Божинов (Градоначалник на Општина Ново Село), Петар Јанков (Градоначалник на Општина Струмица), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Максим Димитриевски, (Градоначалник на Општина Куманово), Иван Јорданов, (Градоначалник на општина Штип), Фисник Мела (Градоначалник на општина Дебар), Јусуф Абдули, (Претседател на совет на општина Тетово), Дејан Проданоски (Градоначалник на општина Прилеп)

На седницата присуствуваше и Претседателот на Регулаторна комисија за енергетика г-дин Ацо Ристов и член на РКЕ, г-дин Фатон Хамбари.

**Дискусија**:

Поради најавено отсуство на двајцата министри, УО на ЗЕЛС расправаше по следниот дневен ред кој беше едногласно усвоен.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Дискусија со претседателот на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (РКЕ) г-дин Ацо Ристов, за методологијата за утврдување на тарифите за водни услуги и иницијативата на РКЕ во однос на предлог законот за ОИЕ;
2. Дискусија во однос на распределбата на средствата од дотацијата за противпожарна заштита;
3. Разно.

**ПРВА ТОЧКА**: Дискусија со претседателот на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (РКЕ) г-дин Ацо Ристов, за методологијата за утврдување на тарифите за водни услуги и иницијативата на РКЕ во однос на предлог законот за ОИЕ;

Г-дин Ацо Ристов пред членовите на УО образложи две иницијативи:

РКЕ веќе има доставено до Министерството за енергетика мислење по предлог член со цел појаснување и подобрување на текстот на Предлог Законот за обновливи извори на енергија. Со овој член кој се предлага во Глава VIII, пред член 67 од Предлог Законот, да се воведе нов член 66 А кој би гласел:

**„Друштво за производство на електрична енергија основано од единица на локална самоуправа**
**Член 66-а**

(1) Друштвото за производство на електрична енергија основано од единица на локална самоуправа за потребите на единицата на локална самоуправа како и објектите во нејзина сопственост и со кои стопанисува може да:

1. произведува, користи, складира и продава електрична енергија од обновливи извори, да склучува договори за купопродажба на електрична енергија од обновливи извори и други договори за купопродажба на електрична енергија;
2. учествува на пазарот на електрична енергија согласно Законот за енергетика(*);
3. ја поставува електроцентралата на површините на објектите или во склоп на објектите од овој став за што има право на користење на овие површини регулирано со договор;
4. ја распределува произведената електрична енергија од обновливи извори добиена од електроцентралите на објектите на потрошувачите кои ги користат овие објекти, во согласност со меѓусебните договори, притоа може да инсталира контролен мерен уред со цел мерење на произведената/потрошената електричната енергија;
5. ги обезбедува целокупните потреби од електрична енергија за објектите од овој став;
6. им фактурира на објектите од овој став за испорачаната електрична енергија по договорената цена, согласно мерењата за потрошената електрична енергија извршени од операторот на електродистрибутивниот систем односно мерењата од контролниот мерен уред.

(2) Условите за добивање лиценца за вршење енергетска дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на носителите на лиценца, пристапот и приклучувањето на електродистрибутивната мрежа и плаќањето на надоместоци за пристап и приклучување и користење на мрежата, како и за регистрација и учество на пазарот на електрична енергија, утврдени во Законот за енергетика (*) се применуваат и на Друштвото од став (1) на овој член.

(3) Мерењето на електрична енергија од страна на операторот на електродистрибутивниот систем се врши на начин утврден во член 58 од овој закон, при што податоците од мерењето односно проценката ги доставува до Друштвото од став (1) на овој член.

(4) Операторот на електродистрибутивниот систем на месечно ниво ги следи, собира и потврдува податоците за мерење од споделената електрична енергија со крајните потрошувачи.“

Со воведување на овој член општините ќе имаат многу голема придобивка за системски да го уредат ова прашање и да станат енергетски независни, ќе обезбедат дополнителни приходи од пласирање на произведената соларна енергија кои приходи ќе можат да ги насочат кон нови инвестиции за подобрување на квалитетот на услугите од оваа област, испорака на енергија до сите институции во нејзина сопственост како и на други корисници. Оваа иницијатива наиде на поддршка од членовите и беше договорено истата да се достави до Министерството за енергетика, како дополнување на претходно доставеното мислење по законот од страна на ЗЕЛС а по консултација со сите општини.

Бидејќи општина Центар веќе две години ја води постапката за воспоставување на претпријатие од ваков вид, искуството преку споделување на чекорите во постапката ќе ги сподели со сите општини преку ЗЕЛС.

Втората иницијатива се однесуваше на сегашната поставеност на законот околу регулираните тарифи за комуналните услуги како што е водоснабдување, третман на отпадни води и наскоро и одлагање на сметот, односно засега прилагодувањето на регулираните тарифи се овозможува само на три години, не е можна измена пред поминување на овој период затоа предлог е да се измени овој услов со можност за измена на годишно ниво на регулираната тарифа од страна на регулаторната комисија бидејќи често ЈКП се обраќаат до нив поради чести флуктуации на пазарните услови што го зголемува ризикот на зголемување на трошоците и генерирање на загуби.

**ЗАКЛУЧОК 1**: Управниот одбор даде позитивно мислење за првата иницијатива и за истото ќе достави иницијатива до Министерството за енергетика, како дополнување на претходно доставеното мислење по законот од страна на ЗЕЛС а по консултација со сите општини.

**ЗАКЛУЧОК 2:** За изготвување на модел за тарифирање на комуналните услуги се формира работна група во состав:

1. Кирил Пецаков, градоначалник на општина Охрид
2. Максим Димитриевски, градоначалник на Куманово
3. Иван Јорданов, градоначалник на општина Штип
4. Петар Јанков, Градоначалник на општина Струмица
5. Соња Стаменкова, градоначалник на општина Македонска Каменица

**ВТОРА ТОЧКА**: Дискусија во однос на распределбата на средствата од дотацијата за противпожарна заштита;

По оваа точка пред членовите на УО беше даден извештај од Извршниот директор на ЗЕЛС Душица Перишиќ за средбата со министерот за одбрана Владо Мисајловски како и претходно спроведената анализа од страна на ЗЕЛС за состојбите со противпожарните единици, механизацијата и бројот на пожарникари. Поради недостиг на методологија за утврдување на платите на пожарникарите евидентирана е голема дискрепанција во платите на

пожарникарите по општините кои имаат ТППЕ. Со сегашната распределбата на наменската дотација иако има зголемување на вкупната сума која за оваа година изнесува една милијарда денари, распределбата на средствата од дотацијата за противпожарна заштита е во несразмерен износ во сите општини и не ги задоволува потребите за доследно работење на оваа служба. Оттука предлог на министерот е во рамки на ЗЕЛС да се утврди Методологија за распределба која ќе се користи во идните распределби на средствата по оваа намена.

Поради недостаток на механизација по општините а со цел со подготвеност да се пристапи во периодот на пожарите во рамки на ЗЕЛС се формираше кризен штаб кој ќе биде достапен за координација на ниво на секој регион, односно кога ќе се појави состојба за помош во некоја општина дали за механизација или човечки ресурси да може координирано да се испорача помош.

1. Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Град Скопје и претседател на ЗЕЛС
2. Кирил Пецаков, градоначалник на општина Охрид
3. Дејан Проданоски, градоначалник на општина Прилеп
4. Билал Касами, градоначалник на општина Тетово
5. Иван Јораданов, градоначалник на општина Штип
6. Тони Коњановски, градоначалник на општина Битола
7. Фисник Мела, градоначалник на општина Дебар

**ТОЧКА РАЗНО**:

1. **Избор на членови на Комисија за образование при ЗЕЛС**

Се формира Комисија за образование при ЗЕЛС во следен состав:

1. Кирил Пецаков, Градоначалник на општина Охрид Претседател
2. Бети Стаменкоска- Трајкоска – Градоначалник на општина Кисела Вода
3. Фисник Мела – Градоначалник на општина Дебар
4. Нико Чонески – Градоначалник на општина Крушево
5. Петар Ружински – Градоначалник на општина Берово
6. Златко Сиљаноски – Градоначалник на општина Дебрца
7. Киро Нацков – Градоначалник на општина Градско
8. Јорданче Костадинов- Градоначалник на општина Чешиново Облешево
9. Суат Шаќиров- градоначалник на општина Чашка
10. Аријан Ибраим – Градоначалник на општина Центар Жупа
11. Билал Касами – Градоначалник на општина Тетово

2. **Апел за исполнување на законските обврски во врска со дератизација и дезинсекција**

Претседателот на ЗЕЛС согласно разговор со директорката со Институтот за јавно здравје информираше за обврската на општините навремено да ги донесат програмите за дератизација и дезинсекција и да ги спроведат истите. Се апелира до сите општини да ги превземат сите мерки во однос на ова прашање.

3. **Потреба од заеднички состанок со Министерот за транспорт и врски**

Членовите на Управниот одбор отворија дискусија дека согласно актуелните прописи за урбанистичко планирање, постапките се премногу сложени и дека заради потреби од брз развој потребно е поедноставување на постапките на донесување на плановите. Исто од овој ресор има многу отворени прашања како што е донесување на правилник за урбана опрема, застој на многу постапки во рамки на електронските системи за градежно земјиште и е-одобрение за градење и слично, оттука на следната седница на УО потребно е да се покани министерот за транспорт за да се изнајде решение по овие прашања.

4. **Забелешки во врска со долгото траење на постапките за поставување на фотоволтаици во земјоделско земјиште**

Последните измени на законот за земјоделско земјиште налагаат строги правила за да спречи неконтролирана урбанизација и уништување на обработливите површини. Се воведува строга забрана за поставување фотоволтаици на најквалитетното земјоделско земјиште од прва до четврта категорија. Но со сегашната пракса и во земјиште од петта категорија долго трае постапката за поставување на фотоволтаици, оттукасе бара на класифицирано земјиште од петта категорија да нема застој во постапките.

**Составил**,
Стручната служба на ЗЕЛС

**Заедница на единиците на**
**локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Орце ЃОРЃИЕВСКИ**